**Известување за концентрација со која ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. Белград, Србија, стекнува контрола над друштвото БЕН АИР ДОО, БЕЛГРАД (САВСКИ ВЕНЕЦ) Србија, (предмет бр. 08-156/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24), на ден 29.11.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. Белград, со седиште на адреса Тадије Сондермајера бр.5, 17, број стан 152 , има намера да стекне самостојна контрола над друштвото БЕН АИР ДОО, БЕЛГРАД (САВСКИ ВЕНЕЦ), Андре Николиќ бр.3.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о.** е основан на 6 март 2024 година во Република Србија за вршење на воздушен превоз на патници. Компанијата во моментот се уште е во фаза на подготовка за извршување на активности, така што не дава никакви услуги на трети лица, ниту пак остварува приходи.

ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. истовремено припаѓа на групацијата DELTA HOLDING, која е активна во Србија и регионот во голем број различни области на деловното работење, и на EL&MI Group, која исто така е активна во неколку различни области на деловното работење, имајќи предвид дека сопственици на 50% од уделите во Стекнувачот се АИРСТАР ДОО БЕЛГРАД (НОВИ БЕЛГРАД), која е дел од групацијата DELTA HOLDING и компанијата ЕЛ&МИ ГРУП Д.О.О. БЕЛГРАД.

ФЛЈУС ДОО БЕОГРАД д.о.о. Белград нема зависни друштва на територијата на Република Северна Македонија.

**DELTA HOLDING ГРУП,** компаниите од групацијата „Делта Холдинг" ги извршуваат своите активности во областа на земјоделско производство, производство на храна, извоз, увоз и застапување на странски компании, дистрибуција на стоки за широка потрошувачка, продажба на автомобили, развој на недвижности и развој на нови технологии.

Делта Холдинг Груп ги реализира своите деловни активности преку пет организациски единици: Делта Аграр Груп, Делта преработка на храна, Делта недвижности групација, Делта дистрибуција и одделот за нови технологии.

Покрај на српскиот пазар, Делта Холдинг Груп е присутна и на голем број пазари во регионот и во Европската Унија.

Делта Холдинг Груп има зависни друштва во Република Северна Македонија со назив:

Друштвото за производство, трговија и услуги АНАНАС МК ДОО Скопје, со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје, и

Друштво за производство, трговија и услуги АНАНАС ШОП ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје.

**ЕЛ&МИ ГРУП Д.О.О. БЕЛГРАД** е основано на 24 мај 2012 година. во Република Србија. Основна дејност е производство на електрична енергија (шифра на дејност: 35.11).

Има позиција на матична компанија во група на компании со сопственост на холдинг компанија во практична смисла. Во рамките на групацијата има повеќе компании кои се занимаваат со различни економски дејности.

ЕЛ&МИ ГРУП Д.О.О. БЕЛГРАД во моментот не работи на српскиот пазар, имајќи предвид дека фирмата СОФТ ВАЈТ ДОО БЕЛГРАД, од групацијата ЕЛ&МИ, престана да ја врши дејноста превоз на патници во воздушниот сообраќај, а во 2024 г. немал никакви деловни активности.

ЕЛ&МИ ГРУП Д.О.О. БЕЛГРАД нема зависни друштва на територијата на Република Северна Македонија.

**БЕН АИР ДОО, БЕЛГРАД,** целното друштво е основано на 24 март 2009 година. во Република Србија.

Целното друштво нема зависни друштва на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.12.2024 година
Скопје